РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец јули 2021

Август, 2021

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јули 2021 година примени се 164 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 11 барања, објавени се 167 огласи, за вкупно 319 работни места за вкупно 345 извршители. За институциите од централната власт објавени се 85 јавни огласи за 181 работни места со 195 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 82 јавни огласи за 138 работни места со 150 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 164 | 11 | 167 | | 85 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 82 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 319 | | 17 | 124 | 40 | 181 | | 5 | 72 | 61 | 138 |
| Извршители | | | 345 | | 18 | 137 | 40 | 195 | | 5 | 72 | 72 | 150 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1998 | | 63 | 1166 | 100 | 1329 | | 36 | 399 | 234 | 669 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 140 | 66 | 17 | 102 | 18 | 137 | 74 | 16 | 104 | 30 | 150 |

*Табела 1. Јавни огласи јули 2021*

Во истиот период јули 2021 година спроведени се 170 административни селекции за пријавени 2899 кандидати, спроведени се 140 испити на кои што се поканети 831 кандидати, од кои полагале 364 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 132 огласи за 616 кандидати. Интервју е спроведено на 132 огласи со вкупно 371 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 131 огласи и предлог за избор на 362 кандидати, а од 140 спроведени огласи објавени се вкупно 287 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 170 | 2899 | 140 | 831 | 364 | 132 | 616 | 132 | 371 | 131 | 362 | 140 | 287 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи јули 2021*

Во Агенцијата за администрација во месец јули 2021 година примени се 57 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 57 огласи, за вкупно 170 работни места за 171 извршител. За институциите од централната власт објавени се 23 интерни огласи за 99 работни места со 100 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 34 интерни огласи за 71 работни места со 71 извршител.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 57 | 2 | 57 | | 23 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 34 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 170 | | 34 | 60 | 5 | 99 | | 23 | 42 | 6 | 71 |
| Извршители | | | 171 | | 34 | 61 | 5 | 100 | | 23 | 42 | 6 | 71 |

*Табела 3. Интерни огласи јули 2021*

# Испит за административно управување

Во текот на месец јули 2021 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 73 кандидати. Од нив на испитот се појавија 54 кандидати од кои испитот го положиле 46 кандидати (85%), а не го положиле 8 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 43 се вработени во јавен сектор, 4 се во приватен сектор, додека 7 кандидати се изјасниле како невработени

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 73 | 54 | 46 | 8 | 43 | 4 | 7 |

*Табела 4. Административно управување јули 2021*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на јули 2021 година беа поднесени 38 жалби и приговори на административните службеници, од кои 35 жалби и приговори на државните службеници и 3 жалби и приговори на јавните службеници.

Во јули во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 5 седници, на кои беше одлучено по 29 жалби и приговори, од кои 28 жалби и приговори на државните службеници, а 1 на јавните службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 15 предмети, оформени во јули преминуваат во август 2021 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 28): 16 се одбиени, 4 се уважени, 7 се отфрлени и 1 е метирорно одбиена..

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници (вкупно 1): 1 е отфрлена.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 35 | 3 | 28 | 1 | 4 | / | 16 | / | 7 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во јули 2021*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јули 2021 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 21 предмет од кои 8 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 13 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат (1); Министерство за економија - Државен пазарен инспекторат (1); Министерство за правда - Биро за судски вештачења (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (4); Агенција за примена на јазикот на Република Северна Македонија (1); Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (1); Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори Хумани градови Скопје (1); Јавно претпријатие за јавни паркиралишта паркинзи на Општина Центар (1); Граѓани (1) и Јавно сообраќајно претпријатие Скопје (1).

Во текот на месец јули 2021 година не се реализирале обуки/работни средби/настани/конференции на кој што вработени од Агенцијата за администрација го земале своето учество.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 25 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 4 е одговорено, на 3 не е одговорено, а за 18 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

## Јавни набавки

Во текот на месец јули 2021 година, објавени се 2 огласи на ЕСЈН, донесена е 1 Одлука за избор и нема склучени договори.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | 1 | / |

*Табела 6. Јавни набавки јули 2021*

# Реализација на буџет

Во месец јули 2021 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2021 година | Реализација на буџетот до 31.07.2021 | Реализација на буџетот од 01.07.2021 – 31.07.2021 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.507.000,00 | 11.064.560,00 | 1.802.036,00 | 12.427.440,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 9.153.000,00 | 4.294.304,00 | 702.521,00 | 4.858.696,00 |
| ***404-надоместоци*** | 650.000,00 | 0 | 0 | 650.000,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 15.000,00 | 0 | 45.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.048.000,00 | 1.093.654,00 | 129.352,00 | 954.346,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 315.805,00 | 68.371,00 | 134.195,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.908.000,00 | 840.664,00 | 181.667,00 | 1.067.336,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.600.000,00 | 1.007.577,00 | 292.608,00 | 592.423,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 244.248,00 | 16.682,00 | 155.752,00 |
| **464-разни трансфери** | 190.000,00 | 163.823,00 | 0 | 26.177,00 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 37.000,00 | 36.749,00 | 0 | 251,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 421.000,00 | 420.708,00 | 0 | 292,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.805.000,00 | 924.466,00 | 0 | 1.880.534,00 |
| ВКУПНО | 43.229.000,00 | 22.881.038,00 | 3.148.160,00 | 20.347.962,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*